Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 10.06.2020 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентните броеви 111582 и 110362 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот **Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје** со адреса Кеј 13-ти Ноември бр.6 во Скопје, по барање на корисникот.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 111582 и 110362 на корисникот Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје со адреса Кеј 13-ти Ноември бр.6 во Скопје.

Корисникот Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје достави барање од 10.06.2020 година за отповикување на одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 111582 и 110362.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), се донесе решение како во диспозитивот.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: УП1 бр.0802-316
Скопје, 12.06.2020

Изработил: Зоран Билбиловски

Раководител на сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- архива